20131062539

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

У К А З
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за јавните службеници,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 23 јули 2013 година.

Бр. 07 - 2966/1
23 јули 2013 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
Ѓорге Иванов, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
Трајко Вељаноски, с.р.

ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ

Член 1

Во Законот за јавните службеници („Службен весник на Република Македонија“ број 52/10, 36/11, 6/12, 24/12, 15/13 и 82/13), во членот 3 точка 1 по зборот „агенциите“ се додаваат зборовите: „и јавните претпријатија во однос на вработените кои вршат стручноадминистративни, нормативно-правни, извршни, управни, статистички, административнонадзорни, плански, кадровски, материјално-финансиски, сметководствени, информатички работи и други работи од административна природа, во врска со вршењето на работи од јавен интерес согласно со закон“.

Во точката 2 по зборот „агенциите“ се додаваат зборовите: „и јавните претпријатија“. Во точката 3 по зборовите „како и“ се додаваат зборовите: „јавните претпријатија“. По точката 5 се додава нова точка 6, која гласи:

„6) вработените во јавната служба кои вршат помошни и технички работи, како и вработените во јавното претпријатие кои вршат работи од дејноста од јавен интерес за која е основано јавното претпријатие, а кои не се од административна природа и немаат статус на јавни службеници, во однос на нивните права, обврски и одговорности од работниот однос се применуваат одредбите од Законот за работните односи.“

Член 2

Членот 21-а се менува и гласи:

„(1) Вработен во органите на државната и локалната власт, други државни органи, институции, агенции, фондови, јавни претпријатија и трговски друштва основани од

www.pravdiko.com

Република Македонија во целосна државна сопственост, кој нема статус на јавен службеник, а кој ги исполнува посебните услови утврдени со актот за систематизација, по потреба или по негово барање, може да биде преземен и распореден на соодветно работно место во органите на државната и локалната власт, други државни органи, институции, агенции, фондови, јавни претпријатија или трговски друштва основани од Република Македонија во целосна државна сопственост, ако со тоа се согласат вработениот, како и секретарот, односно функционерот кој раководи со органот, односно работоводниот орган кој раководи со правното лице од кое се презема и во кое се презема вработениот.

(2) Вработен во органите на државната и локалната власт, другите државни органи или институции, кој нема статус на јавен службеник, а кој ги исполнува посебните услови од членот 15 став (3) од овој закон, по потреба или по негово барање, може да биде распореден на друго работно место во истиот орган, односно институција.

(3) За работни места на јавен службеник, вработениот од ставовите (1) и (2) на овој член е должен, во рок од шест месеци од денот на неговото преземање или распоредување, да положи испит за јавен службеник.

(4) Доколку вработениот не го положи испитот од ставот (3) на овој член работниот однос му престанува.“

Член 3

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

www.pravdiko.com